АНАТОЛИ ДАМЈАНОВСКИ

# ЗА НЕКОИ АСПЕКТИ ВО ИЗГРАДУВАЊЕТО НА СОЦИЈАЛИСТИЧКО САМОУПРАВНО УЧИЛИШТЕ

## 1.

Кога се пристапува кон расправа за училиштето (сите видови воспитно-образовни организации) и за општествено-економските, идејно-политичките, социолошките, филозофските и научно-педагошките основи и аспекти на неговото социјалистичко самоуправно преобразување во рамките на системот на воспитанието и образованието е целесообразно и функционално да се имаат предвид неколку значајни моменти.

Еден од нив е сознанието дека училиштето како воспитно-образовна организација, наспроти сите развојни тенденции, остварувања и заостанувања, ја сочинува базата на воспитно-образовниот систем и претставува негова основна организациона единица која се одликува со специјализираност и со најголема организираност на воспитно-образовната дејност. Поради најразновидни причини, во минатото и денес, таа има доминантна позиција во многу воспитно-образовни системи во светот, со забележлива тенденција таа позиција во изменета форма и улога и понатаму да ја задржи. Училиштето остварува и може да остварува мошне значајни цели и задачи во функција на развојот и ослободувањето на трудот, личноста и на општеството во целина. „Во нашето социјалистичко самоуправно општество секое училиште — основно и насочено, на сите нивои на стручност — претставува голем економски, културен и политички потенцијал на општеството, кој е присутен во знаењето, способностите и општествените квалитети на наставниците и другите работници во училиштето и во материјалните средства на работата, како и во несогледливите развојни можности на учениците и на другите корисници. Да се развијат тие можности, да се претворат во делотворна стварност, значи да се обогати личноста на секој ученик и да се даде драгоцен придонес на општото богатство на општеството кое — како самоуправно и социјалистичко, — има надеж во секој

---

Прилогот е извадок од поголем труд објавен во списанието „Просветно дело“, 1982, бр. 5—6—7, стр. 1—27.

човек, во неговата иницијатива, знаење, морал, во работното и секое друго творештво . . ."[1]

Ваквата размисла за местото и улогата на училиштето во системот на воспитанието и образованието не означува, меѓутоа, дека се задржува старата претстава и место на училиштето, како рецидив од класичниот училишен систем. Со неа не се запоставува и не се доаѓа во судир со современата определба и тенденција на „дсколаризација" и деинституционализација на образованието, односно на изменувањето на образованието од тесните и класичните рамки на училиштата и на неговото реализирање како во организациите на здружениот труд чија основна дејност е образованието, така и во секоја друга организација на здружениот труд. Искуствата здобиени во изградувањето на социјалистичкото самоуправно училиште покажуваат дека остварувањето и развивањето на образованието во целината на здружениот труд, борбата против монополот и оттуѓувањето на училиштето, како и против секој вид на апсулутизирање на институционализмот во образованието се негова значајна и незаменлива претпоставка. Без таквата развојност на образованието, училиштето не може автентично и поцелосно да ја реализира својата функција, да се ослободи од својот монопол и оттуѓеност од светот на трудот и животот, да се оформи и да дејствува како самоуправно и социјалистичко[2]. Секое забавување на процесите на „десколаризацијата" на образованието и останувањето само во рамките на училиштата и факултетите означува, во својата суштина, задржување на „класичниот училишен систем, кој, главно, сме го наследиле од капитализмот, каде образованието го организира и остварува школата, факултетот, школската институција, а во заднината стои државата, донесувајќи наставни програми и обезбедувајќи средства, или пак стои слободната игра на законите на пазарот"[3].

Според тоа, во расправата за оваа проблематика мора да се поаѓа од сознанието дека изградбата на социјалистичкото самоуправно училиште е дел од остварувањето на задачите и принципите на севкупноста на социјалистичката самоуправна преобразба на воспитанието и образованието. Тоа не се изградува и не може да се изградува наспроти целината на преобразбата, туку единствено врз нејзините основи и во нејзините рамки.

Во расправата за изградувањето на социјалистичкото самоуправно училиште треба да се истакне фактот дека денес училиштата од сите видови и степени се наоѓаат во радикално изменета ситуација. Сите тие се соочени со потребата да го прифатат предиз-

[1] Д-р Драгутин Франковиќ, Идејно васпитна функција школе, „Настава и васпитање", бр. 2, 1982, стр. 217—218.

[2] Затоа не е случајно што денес, во рамките на севкупните процеси на социјалистичката самоуправна преобразба на воспитанието и образованието, основна преокупација на стручната и општествената јавност е, покрај другото, како да се сфати и реализира образовната функција на организациите на здружениот труд, како да се совлада монополот и институционализмот во образованието и како позабрзано да се развијат вонинституциналните облици на воспитно-образовната дејност, односно да се изгради образование во целината на здружениот труд.

[3] Д-р Стипе Шувар, Стварност и визије у социјалистичком преображају одгоја и образовања, „Настава и воспитање", бр. 3, 1981 година, стр. 468.

викот што го создаваат научно-техничката револуција и длабоките социјални трансформации во општеството. Поради најразновидни причини се наоѓаме во период кога речиси сите компоненти на воспитно-образовната дејност се предмет на преиспитување, менување и барање на решенија за нивното доведување во согласност со барањата на новото историско време. Затоа е и разбирливо што во новата ситуација училиштето е соочено со најразновидни кризни состојби, но и со множество дилеми и барања како тие да се совладуваат и неутрализираат. Предмет на критика се апсолутната институционализација на образованието, монополот и отуѓеноса на училиштата, класната функција во условите на капитализмот, бирократскиот и догматскиот карактер на образованието во училиштата со што се ограничува и задушува слободата на личноста и др. Изразувајќи незадоволство со постојните состојби во училиштата, во одделни системи и од одделни автори се даваат најразновидни алтернативни решенија, меѓу кои, најекстремни се оние идеи и решенија кои во современите услови повторно ги оживуваат старите идеи за „одумирањето" на училиштето, или пак „десколаризацијата" ја сфаќаат како укинување на училиштето и единствен пат на деетатизацијата на образованието[4].

Наспроти на овие идеи и барања, развојот на нашето училиште се одвива во насока на неговото поопштествување и разотуѓување, негирајќи се што е рецидив на етатизмот во образованието и афирмирајќи го училиштето како нова самоуправна воспитно-образовна организација во функција на здружениот труд во целина. Според тоа, во изградувањето на социјалистичкото самоуправно училиште „за нас се неприфатливи гледиштата што се јавуваат за училиштето, било да станува збор за оние кои го преценуваат и апсулутизираат училиштето како воспитно-образовна институција, прогласувајќи го за единствено „вистинско" место на образование и воспитание (ова гледиште се засновува за етастичката концепција и на училиштето и на училишниот систем), било оние гледишта кои го потценуваат училиштето, предлагајќи „расшколување" (десколаризација) на општеството, укинување на училиштето, тврдејќи дека е тоа вистинскиот пат на деетатизацијата на образованието и воспитанието) (овие гледишта се засновуваат на малограѓанско и анархистичката концепција за училиштето како институција која наводно само ја попречува слободата во развојот на секој поединец)"[5]. Дистанцирањето од овие гледишта и осветлувањето на нивната класно-општествена мотивираност и ограниченост е од посебно значење

---

[4] Со забележлив интензитет се зголемува литературата која во критиката на монополот и отуѓеноста на училиштето се застапува, врз најразновидни основи и мотиви идејата за укинување на училиштето. Вакви и слични идеи се содржани во голем број студии и други публикации, меѓу кои се: И. Илиќ, Доле школе, „Дуга", 1972 година: John Holt, Schools are bad places for kids, Bo Jan Lister, Deschooling, Cambridge University Press, 1974 година, и др.

[5] Д-р Никола Поткоњак, Васпитање у југословенском самоуправном социјалистичком друштву. Материјали за Трећи конгрес педагога Југославије, Београд, 1973, стр. 40-41.

во развојот и конципирањето на теоријата и практиката на самоуправната педагогија и школа[6].

Пристапот кон овој проблем, исто така, го претпоставува сознанието дека изградувањето на социјалистичкото самоуправно училиште не е обичен реформски зафат кој се ограничува на поголема или помала поправка на постојното училиште и на системот во целина. Таа е преобразба која суштински се разликува од сите досегашни реформски зафати во системот и во работата на воспитанието во нашата и во другите земји. Станува збор за изградување на нова концепција на училиштето во која се зафаќаат и осветлуваат од суштински нов аспект како воспитно-образовните, педагошките, дидактичките прашања, така и прашањата за суштината и функцијата на воспитанието и образованието во социјалистичкото самоуправно општество, за изградувањето на образованието и воспитанието врз самоуправни општествено-економски односи, за воспоставување на историски нови односи меѓу образованието и другите делови на здружениот труд кои би биле ослободени од посредничката улога и на државата и на пазарот[7]. Анализата на голем број досегашни реформски зафати покажува дека радикално не е менувана општествената функција на образованието, дека вниманието било концентрирано, главно, на педагошките, односно „внатрешните" аспекти на реформата и дека денес на дневен ред се, покрај првите, и другите аспекти од општествено-економска, научно-техничка, идејно-политичка и друга природа. Во оваа смисла Д-р Шувар констатира дека во голем број случаи „се настојувало училиштето да се „поправи" во него самото, тоа да се „трансформира" и „модернизира" со неговите „внатрешни" реформи, со педагошки мерки и иновации, со прекројување на програмите а со задржување на повеќе или помалку на наследената зграда и наследениот дуализам внатре во образованието, без промени во општествено-економските односи и без воспоставување на односи помеѓу образованието, од една страна, и материјалното производство и општествените дејности, од друга, во кои би се укинало посредништвото на државата и на пазарот и би

---

[6] Будућност школе, Зборник, Завод за унапређивање васпитања и образовања града Београда, Београд, 1980.

[7] Не е случајно што кај нас се зборува за два меѓусебно тесно поврзани и условени аспекта на самоуправната социјалистичка преобразба на воспитанието и образованието — за општествено-економски или „надворешен" аспект и за педагошки или „внатрешен". Педагошки аспекти на преобразбата се осветлуваат и остваруваат на нов начин, покрај другото, врз основите на новите општествено-економски односи. Затоа, со право, во контектот на реформските зафати Никола Поткоњак констатира дека „педагошките прашања не се примарни туку се изведени... Тие не се значи независни (ниту релативно ниту апсолутно) од другите испекти и подрачја во менувањето на образованието и воспитанието во нашето општество... Напротив, стручните педагошки прашања добиваат вистинска смисла дури кога ќе се согледаат во непосрената дијалктичка поврзаност и функција на сите други промени кои во областа на образованието и воспитанието денес се вршат и се настојува да се вршат кај нас" — Д-р Никола Поткоњак, Југословенска педагогија између реформе и самоуправног социјалистичког преображаја образовања и васпитања, Настава и васпитање, бр. 1. 1981, стр. 27.

се постигнала интеграција на светот на трудот и светот на образованието ...“[8]. Ваквиот тек на појавата и остварувањето на одделните реформски зафати го потврдува и сознанието дека самоуправното училиште се раѓа, развива и ја добива својата физиономија и функција поврзано и паралелно, но не и автоматски и непосредно, со раввојот на самоуправните социјалистички односи во општеството во целина[9]. Постепено со нашиот социјалистички самоуправен развиток, а особено со разработката на визијата на општеството на здружениот труд се осознава длабочината и далековидноста на социјалистичката самоуправна преобразба на воспитанието и образованието и се создаваат реални претпоставки со севкупната општествена практика и односите во општеството таа да станува свест и ориентација на организираните социјалистички сили на нашето општество. Оттаму и произлегува дека историјата и етапите на развојот на социјалистичкото општество ја формираат, во специфична форма, и историјата, етапите на нашето самоуправно училиште. Кога денес, меѓутоа, расправаме за ова мораме да поаѓаме од фактот дека веќе сме во процес на изградување на самоуправното училиште, дека зад себе имаме изминат долг пат, акумулирано најразновидно искуство и постигнато определени резултати кои треба да се вреднуваат и да придонесуваат за натамошно осмислување и интензивирање на патиштата што допрва треба да се поминуваат и совладуваат.

Поврзано со ова и во функција на изградбата на социјалистичкото самоуправно училиште е и сознанието дека се наоѓаме на етапа кога сè уште не можеме да говориме за постоење на целосна, внатрешно-конзистентна, теориски конституирана и конкретно разработена концепција за социјалистичкото самоуправно училиште. Нашата педагогија беше долго време недоволно соочена со новата ситуација и новите прашања на самоуправното училиште. Во неа сè уште не се совладани, наспроти одделните успешни теоретски зафати, сите рецидиви на педагогијата која во најголема мера била изградувана како наука и теорија на училиштето — установа со нејзиниот етатистички карактер и монополистичка положба во системот на образованието и воспитанието. Тоа го потврдува и прегледот на публикациите, расправите и написите што се објавувани пред повеќе години. Меѓутоа, оваа состојба постепено се менува. Со воведувањето на општественото самоуправување и во училиштата, а особено со реформските документи од 1958 година, се создава значајна основа и рамка за конципирање и остварување на современо социјалистичко училиште во нашите самоуправни општествени услови. Оваа основа се проширува и продлабочува, добива во својата сеопфатност и конзистентност, со сите наредни општествени доку-

[8] Д-р Стипе Шувар, Исто, стр. 460.

[9] Овој процес, ослободен од автоматизам, најчесто е нерамномерен, противречен и исполнет со одделни заостанувања, задржување на традиционалните решенија и др.

менти кои, директно или индиректно, се однесуваат и на социјалистичката самоуправна преобразба на воспитанието и образованието[10]. Се зголемува и бројот на студиите и расправите, особено во последните 15 години (на авторите, како што се: В. Шмит, П. Шимлеша, Д. Франковиќ, Н. Потконјак, Б. Самоловчев, С. Безданов, С. Шувар и др.) кои, заедно со оние од поранешните години, значајно придонесуваат во разгледувањето и утврдувањето на основите и составните делови во конституирањето и развивањето на теоријата и практиката на социіалистичкото самоуправно училиште.

## 2.

Здобиеното искуство од досега изминатиот пат недвосмислено покажува дека социјалистичкото самоуправно училиште се конституира и развива со она темпо со кое тоа се развива врз основите на самоуправните општествено-економски односи и се интегрира, преку најразновидни форми на здружување, во единствениот систем на здружениот труд. Овие самоуправни односи отвораат нова историска визија на длабоки промени во образованието и ја претставуваат срцевината во градењето на самоуправното социјалистичко училиште. Тие се основниот критериум во одвојувањето на целите, принципите и содржината на социјалистичката самоуправна преобразба на воспитанието и образованието во нашето општество од одделните реформски зафати во другите земји. Според тоа, во градењето на новото социјалистичко самоуправно училиште соочени сме со историската задача на суштинско менување на односите меѓу образованието, трудот и општеството и на соодветно определување и вреднување на сите компоненти на воспитно-образовната работа.

Тоа произлегува, покрај другото, од потребата образованието да претставува дел на револуционерните промени во нашето општество и секој одговор на суштествените прашања на образованието и училиштето да се бара единствено во широкиот контекст на класните и севкупните општествени преобразувачки процеси. Во овој контекст треба да се бара и објаснувањето за досегашните остварувања, како и за одделните заостанувања во конституирањето и практичното оживотворување на задачите, содржината, резултатите и атмосферата на самоуправното училиште. Искуството потврдува дека самоуправното училиште не може да ја добие својата вистинска содржина и функција во услови на традиционална затвореност, несамоуправна организираност и изолираност од целината на здружениот труд во општеството. Не може да се очекуваат измени во

---

[10] Во функција на ваквиот развој од особено е значење да се споменат неколку документи, и тоа: Резолуцијата за развојот на образованието и воспитанието врз самоуправна основа (1970), Уставот на СФРЈ и Уставот на СРМ, Резолуцијата на X Конгрес на СКЈ за задачите на Сојузот на комунистите во социјалистичката самоуправна преобразба на воспитанието и образованието, Законот за здружениот труд, Општествениот договор за заедничките основи на системот на воспитанието и образованието во СФРЈ, Општествениот договор за единствените основи на класификацијата на занимањата и степените на стручна подготовка и др.

самоуправната позиција на вработените и на учениците и студентите во образованието без афирмација на самоуправните општествено-економски односи и интеграцијата на трудот и образованието.

Оттаму е неопходно во функција на изградувањето на социјалистичкото самоуправно училиште тоа се повеќе да добива белези на вистинска организација на здружениот труд која како функционална целина ќе биде способна да остварува соодветни воспитно-образовни програми, ќе ги унапредува самоуправните односи, самоуправното поврзување и слободната размена на трудот со другите области на здружениот труд. Во таа смисла, за нас е актуелно и функционално, со оглед на веќе изминатиот пат, да ги поставиме прашањата за тоа до кој степен нашето училиште денес претставува организација на здружен труд, каде во овој однос се наоѓаме, кои се причините што го забавуваат овој процес и во која мера здобиените искуства, пројавените тешкотии и проблеми можат да послужат како основа за натамошни проучувања и практични остварувања во совладувањето на сите видови заостанувања во конституирањето на училиштето како самоуправна организација на здружен труд. Практиката што досега ја имаме е разновидна и покажува дека се постигнати почетни резултати во самоуправното конституирање на организациите на здружениот труд од образованието и воспитанието. Меѓутоа, исто така, се покажува дека овие процеси се противречни, дека се исполнети со најразновидни придружни појави и тенденции и дека сè уште не се совладани појавите на формалното, номиналното, преименување на постојните институции во организации на здружениот труд, со задржување на најразновидни технобирократски и етатистичко-административни појави и тенденции. Спороста во одвивањето на овие процеси ги забавуваат и процесите во градењето на самоуправното училиште и во создавањето на новата воспитно-образовна практика, што е последица на влијанието на најразновидни фактори во училиштето и надвор од него.

Развојот и функционирањето на училиштето како самоуправна организација на здружен труд го претпоставува и начелото на неговата отвореност и свртеност кон потребите и интересите на здружениот труд и општеството во целина: тоа да ја реализира својата класноослободителна улога, односно да се стави во функција на ослободувањето на трудот и човекот во самоуправното социјалистичко општество; да се потврдува како елемент на општествената репродукција со тоа што придонесува во новосоздадената вредност во материјалното производство, во задоволувањето на заедничките птреби на работните луѓе и граѓаните и во развојот на општеството во целина.

На патот на конституирањето на социјалистичкото самоуправно училиште од особено значење е тоа да се оспособува да стапува во најразновидни односи со организациите на здружениот труд од материјалното производство и другите општествени дејности. Во оваа смисла, Едвард Кардељ укажува на потребата „школата“ да се „расшколи“, да се направи дел на здружениот труд. А за да се постигне тоа, не е доволно само здружениот труд да ѝ се приближува

на школата, туку и школата — колку што е тоа можно — што повеќе да се прави дел на здружениот труд. Имено, треба да се оживотвори Марксовата мисла за неопходноста од спојување на трудот и образованието . . ."[11]. Тоа означува, согласно определбите на нашето општество, по пат на слободна размена на трудот, непосредно и преку односно во рамките на самоуправните интересни заедници, да го одредува својот развој, заедно со корисниците на образовните услови да ги проучува и дефинира образовните и кадровските потреби (во ракмите на средбеното изготвување и усвојување на програмите за развој и работа на воспитанието и образованието), да реализира најразновидни воспитнообразовни програми за задоволување на дел од поединечните и заедничките образовни потреби на здружениот труд и општеството во целина, да ги следи измените во поделбата, средствата, организацијата и технологијата на соодветни измени во номенклатурата на занимањата, степените на стручната подготовка, образовните профили и плановите и програмите на воспитно-образовната работа, да ги користи стручно-кадровските и техничко-технолошките основи на организациите на здружениот труд за кои подготвува стручни кадри, да формира кадри за познати корисници и се повеќе да се стеснува „пазарот на работната сила", да биде способна да ја пренасочува својата дејност во согласност со непосредните и долгорочните потреби и интереси на потесната и пошироката општествена средина.

Реализирањето на ваквата суштина и функција на самоуправното училиште е претпоставена и обусловена од состојбата училиштето да стекнува доход односно со слободна размена на трудот (непосредно — со склучување на самоуправни спогодби со учениците на слободната размена на трудот и со здружување на трудот и средствата во повисоки облици на здружување; и во рамките на самоуправните интересни заедници на образованието) и со учество во заеднички остварениот доход по основ на здружувањето на трудот и средствата, а врз основа на самоуправно договорениот надоместок (цена на услугата) — да ја создава и унапредува својата материјална основа и да обезбедува еднаква материјална положба на работниците во образованието. Со ова се настојува да се внесе нов квалитет во матерјалните односи меѓу образованието и трудот, односно да се замени како фискалното зафаќање и делење на вишокот на трудот (систем на стапки на придонеси) така и собирањето на финансиските средства во продавање на образовните услуги на пазарот.

Од досега спомнатото произлегува дека училиштето би било самоуправно до толку повеќе до колку дејствува како организација на здружен труд, активно учествува во дефинирањето и остварувањето на одделните воспитно-образовни задачи и потреби и со слободна размена на трудот ја создава својата материјална основа и се вклопува во единствениот систем на здружениот труд и во општеството во целина. Тоа се белези кои радикално ја менуваат оп-

---

[11] Едвард Кардељ, Образованието науката и практиката, Одбрани дела 7 Скопје 1980, стр. 441.

штествената положба, содржината и функцијата на старата, државно диригирана школа.

Конституирањето и функционирањето на училиштето врз основите на овие самоуправно и општествено-економски односи не се одвива доволно брзо, лесно и без тешкотии и заостанување. Сè уште се наоѓаме во положба кога, наспроти постивнатите резултати во создавањето и институцинални и други организациони претпоставки за реализирање на слободната размена на трудот, недоволно е развиена самоуправната позиција на основните субјекти на слободната размена на трудот и тоа, како на корисниците, така и на давателите на воспитно-образовните услуги. Работниците во организациите на здружениот труд од материјалното производство и другите општествени дејности, граѓаните во месните заедници и другите организации и заедници сè уште недоволно владеат со доходот и со сите претпоставки на општествената и кадровската репродукција. Тие немаат одлучувачка улога ниту во утвдувањето на образовните кадровските потреби ниту во одлучувањето за издвојување и здружување на средства за задоволување на овие потреби. Од друга страна, и работниците во организациите на здружениот труд од воспитанието и образованието уште не се станати субјекти во стекнувањето на доходот во своите организации на здружен труд (во однос на начинот, основите и мерилата на стекнување на доходот односно на адекватната валоризација на работата), па, во суштина, немаат услови да остваруваат во основата еднаков впштествено економски статус како и работниците во организациите на здружениот труд од материјалното производство. Поврзани со ова се и незадоволувачки состојби во развиеноста на самоуправното планирање на образовните и кадровските потреби, слабостите во дејствувањето на делегатскиот систем, недоволното реализирање на образовната функција на организациите на здружениот труд, несовладаните појави на фискалниот начин на финансирање на образовните потреби, слабостите во развојот на образованието надвор од светот на трудот и др. Сите тие, повеќе или помалку, го создаваат просторот за забрзување или забавување на самоуправната развојност на воспитно-образовните организации, како и просторот за самоуправното дејствување и потврдување на работните луѓе, учениците и студентите со нив.

Остварениот степен на развој на воспитно-образовните организации врз основите на самоуправните општествено- економски односи ја покажува долгорочноста, сложеноста и радикалноста на оваа преобразба.

*ANATOLI DAMJANOVSKI*

## FACETS OF THE SOCIALIST SELFMANAGING SCHOOL DEVELOPMENT

SUMMARY

This paper deals with several questions concerning some of the theoretical and practical aspects of the socialist selfmanaging school. The author distinguishes three concepts refering to the place and the role of the school in the educational system: etatist, anarcho-liberalistic and selfmanaging.

The establishment of the selfmanaging school is meant to be an essential transformation of its socio-economical, political, ideological, pedagogical and didictic aspects and components.

A special attention is paid to the development of the school on the basis of the socio-economical selfmanaging relations which yield new perspectives and profound changes in the whole teachting and educational process.